Упатство за лекот: Информации за корисникот
КАЛИУМ ХЛОРИД ЈГЛ 500 mg таблети за перорален раствор
Калиум хлорид

Прочитајте го внимателно упатството пред да почнете да го употребувате лекот, бидејќи содржи важни информации за Вас.

Чувајте го ова упатство. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.
Ако имате дополнителни прашања, прашајте го својот доктор или фармацевт.
Овој лек е за лична употреба и не треба да го користат други лица. Тој може да им наштети, иако нивните симптоми се слични со Вашите.
Ако забележите било какви несакани ефекти потребно е да го информирате Вашиот лекар или фармацевт. Тоа вклучува и секаков друг несакан ефект кој што не е наведен во ова упатство. Погледнете дел 4.

**Што содржи ова упатство:**

1. Што се Калиум хлорид ЈГЛ таблетите и за што се користат?
2. Што треба да знаете пред да почнете да користите Калиум хлорид ЈГЛ?
3. Како се употребуваат Калиум хлорид ЈГЛ таблетите?
4. Можни несакани ефекти
5. Како да се чуваат Калиум хлорид ЈГЛ таблетите?
6. Содржина на пакувањето и дополнителни информации

## 1. Што се Калиум хлорид ЈГЛ таблетите и за што се користат?

Калиум хлорид ЈГЛ содржи активна компонента калиум хлорид и припаѓа на групата лекови кои се нарекуваат минерали. Калиум хлорид се употребува за:

- надополнување на дефицит на калиум во крв:
- кај пациенти кои користат лекови кои го потикнуваат мокрењето (диуретици): хидрохлоротиазид, фуросемид, торасемид, ацетазоламид;
- кај пациенти кои користат лекови за лекување болести на срцето (дигоксин, лекови за лекување на неправилен срцев ритам);
- кај пациенти со прекумерна загуба на калиум преку бубрезите
- кај пациенти со прекумерна загуба на калиум преку столицата на пр. поради хронична дијареа (пролив);
- кај повозрасни пациенти кај кои внесот на калиум со храна не е доволен

- за спречување на недостаток на калиум за време на третман со лекови кои поттикнуваат мокрење (диуретици): хидрохлоротиазид, фуросемид, торасемид, ацетозоламид.

2. Што треба да знаете пред да почнете да ги користите Калиум хлорид ЈГЛ?

Немојте да земате Калиум хлорид ЈГЛ:
- доколку сте алергични на калиум хлорид или на некоја друга состојка на овој лек (наведен во делот 6.);
- доколку имате зголемено ниво на калиум во крвта од било која причина, на пр.:
- тешко оштетување на функцијата на бубрезите,
- болести на надбубрежна жлезда (Адисонова болест),
- во случај на ретки болести кај повозрасни лица со дијабетес тип 2 (хипоренинемичен хипоалдостеронизам),
- дехидратација или големо ткивно оштетување (на пр. кај тешки изгореници),
- при истовремена примена со диуретици кои штедат калиум (амилорид, триамтерен, спиронолактон, еплеронон);
- ако имате ретко заболување хиперкалемиска периодична парализа бидејќи зголеменото ниво на калиум во серумот кај Вас може да предизвика парализа.

Предупредувања и мерки на претпазливост

Пред да почнете со употреба на Калиум хлорид ЈГЛ таблети известете го Вашиот лекар и фармацевт:
- ако имате нарушена функција на бубрезите, ако боледувате од шеќерна болест, ако имате срцеви заболувања или ако сте повозрасно лице: имате поголем ризик да Ви се појави зголемено ниво на калиум во крвта. Поради тоа лекарот редовно ќе ги спроведува соодветните лабораториски испитувања и внимателно ќе ја одредува дозата на лекот, со што би се постигнало бараното ниво на калиум во крвта.
- ако боледувате или сте боледувале од чир на желудник или на цревата: *овој лек може да предизвика оштетување на слузницата на дигестивниот* систем и крварење, кои се почести доколку долготрајно се лекувате со овој лек или ако истовремено користите лекови кои го забавуваат протокот на калиум хлорид низ дигестивниот систем (види дел “Останати лекови и Калиум хлорид ЈГЛ“). Ако имате нејасна болка во стомакот, мачнина, повраќање или црно обоена столица, Ве молиме веднаш да се обратите кај *Вашиот лекар*.
- ако користите лекови кои можат да го зголемат нивото на калиум во организмот (Видете во делот “Останати лекови и Калиум хлорид ЈГЛ“).

Пред почетокот или за време на лекувањето, лекарот ќе побара да се направат соодветни лабораториски испитувања, како би се постигнало бараното ниво на калиум во крвта. Испитувањата треба да се прават почесто доколку сте повозрасно лице или доколку имате заболени бубрези, срце или шеќерна болест (дијабетес).

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА СКОПЈЕ

Останати лекови и Калиум хлорид ЈГЛ

*Известете го вашиот доктор или фармацевт ако земате или неодамна сте земале било кои други лекови.* Истовремено користење на лекот Калиум хлорид ЈГЛ и следните лекови може да доведе до зголемено ниво на калиумот во крвта:

- Лекови што се користат за лекување на покачен крвен притисок и болести на срце:

АСЕ инхибитори (на пр. лизиноприл, рамиприл, трандолаприл и сл.)
антагонисти на ангиотензин II (на пр. кандесартан,лосартан и сл.)
бета блокатори (на пр. пропранолол)
лекови кои поттикнуваат мокрење од групата на диуретици кои го штедат калиумот (спиронолактон, еплеронон, триамтрен,амилорид)

- Лекови против болки и воспаление (инфламација), нестероидни антивоспалителни лекови (на пр.индометацин)
- Лекови со делување на имунолошкиот систем (циклоспорин, такролимус)
- Лекови за контрацепција кои содржат дросперинон,
- Лекови кои ја намалуваат активноста на желудникот и цревата, па на тој начин го успоруваат поминувањето на овој лек низ дигестивниот систем и ја зголемуваат веројатноста од појава на несакани ефекти, како што се:

лекови што се користат при Паркинсонова болест, на пр. бипериден
лекови што се користат кај прекумерно активен мочен меур и инконтиненција (на пр. солифенацин, дарифенацин)

Кај пациенти кои користат дигоксин (лек за лекување болести на срцето) и лекови кои стимулираат мокрење (хидрохлоротиазид, фуросемид, торасемид, ацетазоламид), прекинот на лекување со лекот Калиум хлорид ЈГЛ *може да доведе до намалување на нивото на калиум во крвта* и како резултат на тоа до нарушен срцев ритам.

Калиум хлорид ЈГЛ таблети со храна и пијалок

Подготвениот раствор се пие во тек или после јадење, бидејќи на тој начин лекот подобро се поднесува.

Бременост и доење

Ако сте бремени или доите, или се сомневате дека сте бремени или планирате бременост, контактирајте го Вашиот лекар или фармацевт за совет пред да го користите овој лек.

Бремените и доилките можат да користат калиум хлорид ЈГЛ само ако е неопходно и под лекарска контрола.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА * СКОПЈЕ *

Влијание врз способноста за возење и управување со машини
Калиум хлоридот таблетите за растворање не влијаат врз способноста за возење и управување со машини.

Калиум хлорид ЈГЛ таблетите содржат лактоза

Доколку Вашиот лекар Ви кажал дека не поднесувате шеќери, консултирајте се него пред користење на овој лек.

3. Како се употребува Калиум хлорид ЈГЛ ?

Секогаш употребувајте го овој лек точно онака како Ви кажал Вашиот лекар или фармацевт. Доколку не сте сигурни јавете се на Вашиот лекар или фармацевт.

Лекарот го одредува дозирањето индивидуално за секој пациент, бидејќи тоа зависи од степенот на недостаток на калиум и општата состојба на пациентот.

За надомест при дефицит на калиум во крвта

Најчесто се применуваат 6 до 15 таблети дневно, распределени во текот на денот во една до четири дози.

Не смее да се земат повеќе од 6 таблети одеднаш. Не смеат да се земат повеќе од 24 таблети на ден.

За превенција дефицит на калиум

Најчесто се применуваат 3 до 6 таблети дневно, распределени во текот на денот.

Пациенти со нарушена функција на бубрезите

Лекарот може да Ви одреди пониска доза на лекот и почесто да спроведува лабораториски испитувања, доколку имате нарушена функција на бубрезите.

Повозрасна популација (над 65 години)

Лекарот може да Ви одреди пониска доза на лекот и да спроведува почести лабораториски испитувања.

Начин на примена

Калиум хлорид ЈГЛ таблетите се земаат перорално, растворени во чаша вода или сок (околу 200 ml). Вака приготвен раствор се пие постепено, во тек или после јадење.

Ако сте земале поголема доза Калиум хлорид ЈГЛ отколку што сте требале

Доколку сте земале поголема доза од лекот Калиум хлорид ЈГЛ отколку што Ви препорачал лекарот, јавете се кај Вашиот лекар и земете го со Вас пакувањето на лекот.

Предозирањето може да доведе до превисоко ниво на калиум во крвта (хиперкалемија). Симптоми кои можат да Ви се јават се трнења во екстремитетите, мускулна слабост, пречки во слухот, пролив, болки во стомакот, намален крвен притисок, нарушен ритам на срцето, застој на срцето.

Веднаш треба да престанете со користење на храна и лекови кои содржат калиум, како и диуретици кои го штедат калиумот (спиронолактон, еплеронон, триамтерен, амилорид). Доколку е потребно лекарот со соодветни мерки ќе ја стабилизира функцијата на срцето и нивото на калиум во крвта. Тешка хиперкалемија која не реагира на терапија треба да се лекува со дијализа.

Ако сте заборавиле да ја земете дозата од Калиум хлорид ЈГЛ
Немојте да земате двојна доза за да ја надокнадите пропуштената доза! Земете го лекот што порано и потоа продолжете со употреба според вообичаениот распоред. Доколку Ви преостанале неколку часа до следната употреба немојте да ја употребите пропуштената доза, туку причекајте го времето за следната употреба.

Ако престанете со земање на Калиум хлорид ЈГЛ
Не престанувајте да го користите овој лек, доколку Вашиот лекар тоа не Ви го каже. Во некои случаи, прекинувањето на лекување може да доведе до нарушен срцев ритам (видете дел "Останати лекови и Калиум хлорид ЈГЛ ").
Доколку имате било какви прашања во врска со примената на овој лек, обратете се кај Вашиот лекар или фармацевт.

4. Можни несакани ефекти
Како и сите лекови, и овој лек може да предизвика несакани ефекти, иако не секој ги добива.

Можна е појава на следните несакани ефекти:

**Чести** (може да се појавуваат кај повеќе од 1 на 10 лица)
Мачнина, пролив, повраќање (најчесто се јавува доколку лекот не се зема со храна или не се раствори во доволна количина течност.)

**Помалку често** (може да се појавуваат кај помалку од 1 на 100 пациенти)
болка во стомакот, болка во средниот дел на стомакот помеѓу ребрените лакови (веднаш после приемот на лекот).

**Ретко** (може да се појават кај помалку од 1 на 1000 пациенти)
оштетување на слузокожата на дигестивниот систем, крварење,
мускулна слабост
општа слабост
кома, вртоглавица,
тешко дишење,
чешање, осип
намален или зголемен крвен притисок,
нарушен срцев ритам, забрзана или забавена работа на срцето, болка во градите
нарушена функција на бубрезите, акутна слабост на бубрезите.

**Непознато** (честотата не може да се процени од достапните податоци):
уртикарија

- Пријавување на несакани ефекти

Доколку забележите било каков несакан ефект, потребно е да го известите Вашиот лекар или фармацевт. Тоа вклучува и несакани ефекти кои не се наведени во ова упатство.
Несаканите реакции од лековите може да ги пријавите во Националниот центар за фармаковигиланца при Агенцијата за лекови и медицински средства (ул.Св.Кирил и Методиј бр.54 кат 1) или по електронски пат преку веб страната на Агенцијата http://malmed.gov.mk/.

Со пријава на несаканите ефекти може да придонесете во проценката за сигурност на овој лек.

5. Како се чуваат Калиум хлорид ЈГЛ

Лекот чувајте го вон поглед и дофат на деца.

Лекот да се чува во оригиналното пакување, на температура до 25ºC.

Лекот не смее да се употребува по истекот на рокот на траење што е наведен на кутијата со ознака EXP.

Никогаш немојте никакви лекови да исфрлате во отпадни води или во домашен отпад. Прашајте го Вашиот лекар како да ги отстраните лековите кои повеќе не ги користите. Овие мерки ќе помогнат во заштита на околината.

6. Содржина на пакувањето и информации

Што содржат Калим хлорид ЈГЛ
Активната компонента е калиум хлорид. Една таблета за перорален раствор содржи 500 mg калиум хлорид што одговара на 6,7 mmol на јони на калиум.
Ексципиенси: лактоза хидрат.

Изглед на Калиум хлорид таблетите и содржина на пакувањето

Калиум хлорид ЈГЛ таблетите за перорална употреба се со бела боја, изедначен облик и големина, мазна површина и остри, неоштетени рабови, со дијаметар 10,9 mm до 11,1 mm.

Пакувањето содржи 20 таблети за перорален раствор во блистер, во кутија.

Име и адреса на производителот
ЈАДРАН-ГАЛЕНСКИ ЛАБОРАТОРИЈ дд Свилно 20 51.00 Ријека , Хратска

Носител на решението за ставање во промет
„Еуролек“ дооел, Качаничкипат бр.174, Визбегово,
1000 Скопје, Македонија
Тел.:02-2655-855

Начин и место на издавање на лекот
Лекот се издава со лекарски рецепт, во аптека.

Број на решението за ставање во промет/обнова
15-4276/13 на 30.01.2014.

Датум на последната ревизија на упатството
Февруари 2018